РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-372/1
23-02-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ----------- ------------- од ---------, Државната комисија за спречување на корупцијата(ДКСК) на продолжението на 46-та седница одржано на ден 19.02.2021 година донесе

## О д л у к а

Пријавата со бр. 12-2333/1 од 08.04.2019 година, доставена од подносителот ----------- ------------- од ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување во предметот 12-2333 од 2019 година, оформен по пријавата со број 12-2333/1 од 08.04.2019 година .

Предметот со број 12-2333 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2333 од 2019 година е оформен по пријавата со број 12-2333/1 од 08.04.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ----------- -------------- од ---------.

Во доставената пријава изнесени се наводи за незадоволство од постапка за легализација на објект во која биле вклучени и ја извршиле 24 државни службеници, три градоначалници на Општина --------- ------- и три министри за транспорт и врски, како и за сомневања за корупција и криминални дејствија поврзани со постапувањето на надлежни органи – Општина -------- --------, Управен суд на РСМ, Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за катастар на недвижности и др. во врска со постапката за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти – за објект кој според подносителот не ги исполнува условите предвидени со Закон, а кој бил во непосредна близина на станбена зграда во која еден од сопствениците на станови е и подносителот. Кон пријавата се приклучени и дополнителни четири поднесоци доставени од истиот подносител, кое во архивата на ДКСК се заведени под број 12-2333/2 од 11.04.2019, 12-2333/3 од 21.09.2019, 12-2333/4 од 18.11.2019 и 12-2333/5 од 18.12.2019 година.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и по извршениот детален увид во документацијата приложена кон пријавата утврдена е следната фактичка состојба:

-Во доставената пријава и дополнителните поднесоци, се наведува дека подносителот се сомнева во корупција и организиран криминал во постапка за легализација сторена од околу 24 државни службеници, министри, градоначалници, урбанисти, правници, катастарски одделенија и др., во периодот од 2012 до денешен ден, во постапката за извршена легализација на наследени времени градби од Г.П. ------------ од 1953 год. како шупи и магацини за чување на градежен материјал и алати и за сместување на своите работници. Во наведената постапка, според подносителот тоа биле сторени злоупотреби, била формирана непостоечка градежна парцела Г.П. ------- и биле издадени имотни листови за сите шупи и магацини од ГП ---------- која во 1953 година не ги срушила и не ја исчистила градежната парцела иако, како градежно претпријатие по завршување на градбата на објектот во 1954 година била должна законски да ги сруши сите времени градби како шупи и магацини, канцеларии, да го очисти дворното место на градежната парцела и го предаде чисто на четирите стана кОи се вселиле во новиот објект изграден на таа парцела. Но, наместо да бидат срушени наведените објекти ко биле од времен карактер, била извршена легализација на наследени времени градби од ГП ----------- од 1953 година, шупи и магацини за чување на градежен материјал, алати и за сместување на работници додека траела градбата на објект тип А1 тврда градба со П=307м2 со четири стана на Г.П. 2.4 на ул. ------------бр. ---- Општина --------- --------, а сето тоа во Катастарот било заведено како станови со различна квадратура – 35м2, 39м2, 29м2 па и земјиште под згради (шупи) 101 м2 и Д.М. со П=150м2.

Во пријавата се наведува и дека републичкиот катастар наместо да ја одземе лиценцата на приватниот катастар -------- ---------- ----- бр. ------- од 03.10.2011 по извршениот увид на лице место по барање на подносителите поради нестручно и необјективно изработен елаборат, ја „помогнал" легализацијата на времените објекти - шупи и магацини што не претставуваат тврда градба од тип А1 како било наведено во елаборатот.

Во врска со предметниот случај постапувале и првостепениот орган во општината и вторострепениот орган во Министерството за транспорт и врски, кои не ја испочитувале пресудата на Управниот суд ----- бр -----/------ од 28.12.2017 во корист на подносителите, односно при повторниот увид на лице место не ги вклучил подносителите во повторената постапка, туку повторно одлучиле врз основа на истиот елаборат што не одговарал на постојната ситуација. Пресудата на Управниот суд не била обжалена ниту од првостепениот ниту од второстепениот орган, а исто така и второстепената комисија на Министерството за транспорт и врски не формирале нова комисија за да изврши контрола на терен за да види дали се работи за тврда градба А1, туку само се согласиле со наодите на комисијата на општината --- ------- ----------.

-На ден 03.01.2020 година, во просториите на ДКСК по барање на подносителот на пријавата, одржана е работна средба на која од страна на подносителот усно се образложени сомневањата за корупција и криминални дејствија поврзани со постапувањето на надлежните органи – Општина ---------- --------, Управен суд на РСМ, Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за катастар на недвижности и др. во врска со постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти –

за објект кој според подносителот не ги исполнува условите предвидени со Закон, а кој бил во непосредна близина на станбена зграда во која еден од сопствениците на станови е и подносителот.

На средбата е информирано за одделни прашања од аспект на водената постапка за оспорување на предметната легализацијата, покрената од страна на корисникот на диво изградениот објект, како и за тоа дека подносителот бил во континуирана преписка со надлежните органи и дека ги користел, тој и останатите сопственици на станови во станбената зграда, сите дозволени правни средства пред надлежните органи, меѓу кои и со претставка до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје. По поднесената претставка наведеното обвинителство на ден 17.04.2019 година го известило подносителот дека ова основно јавно обвинителство не било надлежно да постапува по доставената претставка поради тоа што од содржината на истата не било утврдено постоење на кривично дело кое согласно Законот за јавно обвинителство е во надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, па следствено на тоа немало основа и место за јавнообвинителска интервенција за предметниот случај.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во врска со конкретните наводи за предметниот случај веќе е постапувано од други надлежни органи вклучително и ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, а воедно од страна на подносителот на пријавата биле искористени сите дозволени правни средства пред надлежните органи, кои постапиле согласно со своите законски надлежности и за своето надлежно постапување го известиле подносителот. Со оглед на констатираното, Државната комисија оцени дека нема елементи за свое надлежно постапување по однос на предметниот случај, пријавата се отфрла, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносителот

По заклучок на ДКСК,Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р В.Г ,член на ДКСК